**20181632975**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за унапредување на социјалните услуги,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 2018 година.

Бр. 08-5120/1
3 септември 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка со заем во износ од 28.700.000 ЕВРА, наменет за реализација на финансирање на Проектот за унапредување на социјалните услуги.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за финансирање на Проектот за унапредување на социјалните услуги, кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од пет години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

По потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 став 1 од овој закон Република Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на заемот.

Република Македонија ќе и плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

Член 4

Корисник на средствата од заемот од членот 1 на овој закон е Министерството за труд и социјална политика.

Член 5

Република Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.